РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-926/2
20.11. 2020 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јаниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и член 11 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016 и 39/2016 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19) и член 22 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19) Градоначалникот на Општина Пробишти објавува:

**Јавен оглас бр. 2/2020**
**За вработување на неопределено време на овластен службеник од областа на безбедноста во Територијалната противпожарна единица Пробиштип**

Општина Пробиштип има потреба од вработување на неопределено време за еден овластен службеник од областа на безбедноста во Територијалната противпожарна единица Пробиштип за следното работно место:

1. **Пожарникар Спасител ниво В04 , шифра ПОЖ 02 10 В04 000 , еден извршител**

**Општи услови**:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен;
- да бидат здравствено и психофизички способни, утврдено од овластена здравствена установа согласно Закон,
- да има положено возачки испит од Ц-категорија;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност"

**Посебни услови**
- стручни квалификации-ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование – гимназиско или техничко;
- работно искуство-со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенција за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж";

**Други посебни услови**
- положен возачки испит Б и Ц категорија;
- сертификат за стекната квалификација пожарникар (Вработениот во ТППЕ има обврска во рок од една година од денот на вработувањето да се стекне

со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно ќе му престане вработувањето.)

**Распоред на работно време**: дневно работно време, работа во две смени од 07 до 19 часот и од 19 до 07 часот, 40 часа неделно работно време;

**Паричен нето износ на плата**: 14.934,00 денари.

**Напомена**: Согласно годишниот план за вработување за 2020 година предвидено е вработување за Македонеци.

Селекција на кадидатите ја спроведува Комисија формирана од Градоначалникот. По проверка на комплетноста и веродостојноста на документите, Комисијата ќе изврши селекција по спроведена:

-Проверка на базично – моторичкиот статус на кандидатот

-Проверка на психолошкиот статус на кандидатот

-Интервју со секој кандидат

Селекцијата на кандидатите се врши врз основа на јасни и транспарентни критериуми утврдени со Правилник донесен од Градоначалникот на Општина Пробиштип.

Заинтересираните кандидати кон пријавата треба да ги достават следните документи:

- Пријава (образец) кој може да се подигне од архивата на општина Пробиштип;
- Кратко мотивациско писмо;
- Кратка биографија;
- Уверение за државјанство;
- Диплома за завршено образование во оригинал или копија заверена кај нотар;
- Уверение дека не е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Лекарско уверение како доказ дека има општа здравствена способност за работното место за кое се пријавува од овластена здравствена институција;
- Сертификат за стекната квалификација пожарникар (доколку го поседува);
- Фотокопие од возачка дозвола заверена кај нотар

**Огласот трае 3 ( три) работни дена од денот на објавување .**

Пријавите се доставуват до Архивата на општина Пробиштип или по пошта на адреса: Општина Пробиштип ул.Јаким Стојковски бр.1 со назнака „за јавен оглас за пожарникар –спасител“

Пријавите ќе ги разгледува Комисија за селекција формирана од градоначалникот на општина Пробиштип во рокови утврдени во законот, која ќе го проверува комплетноста и веродостојноста на документацијата а селекцијата ќе ја врши преку утврдување на базично – моторичкиот статус на кандидатот, психолошкиот статус и на крај ќе спроведе интервју. Комисијата ќе предложи ранг листа до градоначалникот на општина Пробиштип .

Градоначалникот од предложената ранг листа ќе изврши избор во рок од 15 дена .

Изготвил, Јованка Данева

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Драган Анастасов

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП